| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Како се грижиме за нашето здравје |
| **Содржина на денот** | „Вежбам, вежбам и јас“ |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Марија Галевска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор и усвојување навики за одржување на физичкото растојание.<br>Усвојување на навиките за хигиената на играчките, нивно селектирање на чисти и валкани играчки.<br>Усвојување и повторување на правилата како и зошто треба да се чека на ред на одбележано место и како треба да држам растојание во градинката и надвор од неа. |
| **Активности** | „Вежби за змиулесто одење“<br>Вежби за загревање на телото.<br>Играта може да се организира надвор на свеж воздух или внатре во домот.Се објаснуваат правилата на играта. Пред обележани патеки кои претходно се направени во различни бои како гасеница, децата се редат во колона. Натпреварот може да почне на даден знак. Во играта може да учествуваат повеќе деца , но и возрасни , но притоа треба да се внимава да се држи одредено расојание.Се натпреваруваат кој најбрзо ќе ја помине патеката.<br>-Играта има динамика и создава натпреварувачки дух кај децата.<br>Прво скокаат на една нога и се враќаат на другата нога.<br>На крајот од вежбата успешно ги контролираат моторичките движења.<br>Играта може да се повторува додека децата имаат интерес.<br>-Игри во паркот- Цртање на плочник со креди во боја<br>-Игри во домот-Боење со темперни бои по слободен избор на детето. |